Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

# Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2022 година



**Министерство за правда**

**Република Северна Македонија**

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

# Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2022 година

Скопје, 2023 година

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

## СОДРЖИНА


Предговор....4

Вовед....8

Правна рамка и институционална рамка....9

Правна рамка....9

**Институционална рамка**....10

Статистички податоци за бесплатна правна помош во 2022....13

Примарна правна помош....13

Секундарна правна помош....17

Буџет и финансиски податоци....19

Техничка екипираност....20

Доделување финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники....20

Активности за промоција и информирање на јавноста за бесплатната правна помош....26

Национално координативно тело за имплементација на Законот за бесплатна правна помош....29

Обуки на вработените....31

Анализи и истражувања....34

Анекси....38

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

# *Воведно обраќање*

*Од Државниот секретар при Министерството за Правда*



*„Да се обезбеди правна помош чини навистина скапо,*
*но поскапо би чинело тоа да не се обезбеди правната помош“*

*Годишниот извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош е целосен поттик за еднаков пристап за ефективна правда и зајакнување на влијанието кај граѓаните врз ефективните реформи во правниот систем.*

*Целта на Годишниот извештај е запознавање на граѓаните со активностите на Министерството за правда, поточно активностите на Одделението за бесплатна правна помош, во кој можат да се најдат податоци од корист на граѓаните.*

*Во моментот Министерството за правда располага со вкупно 34 подрачни одделенија за бесплатна правна помош, 15 Здруженија се регистрирани во регистарот за бесплатна правна помош и 7 правни клиники.*

*Граѓаните мора да најдат слободни, лични, независни, доверливи и непристрасни услуги на кои можат да им веруваат. Сепак, во одредени околности е неопходно да се навлезе во индивидуалните околности на случајот и да се најде решение лице во лице.*

*Во секој случај, граѓаните треба да добијат услуги и грижа од висок квалитет.*

*Главната цел на Министерството за правда е преку Годишниот извештај да може да придонесе кон создавање на независно, непристрасно, ефикасно, квалитетно и транспарентно судство со што ќе се овозможи соодветна заштита на јавниот интерес. Специфичните цели вклучуваат придонес кон градење на ефективен систем за правна помош и зголемување на постоечките капацитети на претставниците на релевантните институции за законот за бесплатна правна помош.*

*Овој извештај треба да им послужи на граѓаните да се информират на кој начин преку Законот за бесплатна правна помош би можеле да ги остварат своите Уставно загарантирани права. Крајните корисници треба да се граѓаните, ранливите и маргинализираните групи на општеството.*

*Мислата ќе ја завршам со една реченица и тоа:*
*„Без еднаков пристап до правото, системот не само што ги лишува сиромашните од нивната единствена заштита, туку им го дава на нивните угнетувачи најмоќното и најнемилосрдното оружје што воопшто било создадено.“*

*М-р Мухамед Точи*
*Државниот секретар на Министерството за Правда*

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**



## *Воведно обраќање*

*од Раководителот на одделението за бесплатна правна помош*

*Мојата цел како Раководител на Одделнието за бесплатна правна помош е да се осигураме дека луѓето во нашата држава ги разбираат нивните законски права и обесправените луѓе имаат пристап до квалитетни правни услуги. Да се залагаме за фер и правично судење во нашиот правосуден систем и да обезбедиме пристап до правдата на сите.*

> *Системот на бесплатна правна помош нуди заштита на човековите права, а со тоа и ја гарантира еднаквоста меѓу луѓето во правниот поредок. Суштината на бесплатната правна помош е во тоа што таа е заштитничка на правата најчесто на немоќните и оние граѓани кои не можат да*

*На територијата на нашата држава имаме 34 (триесетичетири) подрачни канцеларии, и работиме во уникатно предизвикувачки околности. Бидејки се работи за население со геогравска оддалеченост од центрите, во услови на криза и економски потешкотии, НИЕ настојуваме да го доближиме населението до запознавање на правните норми и новините во законските одредби.*

*Нашите вредности се: социјална правда и правичност што ја вреднува различноста во културата, националноста и етничката припадност; Признавање на народностите и вреднување на нашата мулти-културна заедница; Интегритет кој го негуваме преку*

*вршење на нашите функции со почит, достоинство, сочувство и искреност; Професионализам, посветен на владеење на правото, етничките стандарди, иновации, континуиран преглед и подобрување да се обезбеди квалитетна услуга; Одговорност-одговорни сме за акции и одлуки; Одржливост -безбедна и поддржувачка работна средина.*

> *Како држава треба да продолжиме да се стремиме да го шириме опсегот на бесплатната правна помош, а со тоа и да обезбедиме поголема заштита на човековите права.*

*Одделението за бесплатна правна помош при Министерство за правда бележи 85% успешни приказни, завршени постапки со извојуван успех за имателот на бесплатната правна помош. Сите овие успешни приказни сведочат за успешното работење и функционирање на системот за бесплатна правна помош во Република Северна Македонија и квалитетот на работата на вработените во Минситерството и подрачните одделенија.*

*Весна Наковска*
*Раководител на одделение за бесплатна правна помош*

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

## Вовед

Годишниот извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош 2022 година има за цел да го следи процесот на имплементација и примената на Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ „ бр. 101/19 ) во периодот од 01 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година.

Овој извештај е подготвен согласно член 44 од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ „ бр. 101/19 ). Министерството за правда изготвува Годишен извештај за бесплатна правна помош за активностите поврзани со обезбедување на правната помош и истиот го доставува до Владата на Република Северна Македонија како и го објавува на својата веб страна.

Извештајот особено содржи податоци за:

- Бројот на лицата на кои им била дадена примарна правна помош;
- Бројот на поднесени барања за секундарна правна помош;
- Бројот на одобрени барања за секундарна правна помош;
- Бројот на одбиени барања за секундарна правна помош;
- Бројот на донесени решенија со кои се прекинува одобрената секундарна правна помош;
- Правна работа за која се одобрува или се одбива правната помош;
- Број на здруженија кои даваат примарна правна помош;
- Број на правни клиники кои даваат примарна правна помош;
- Број на адвокати кои даваат секундарна правна помош;
- Буџет наменет за бесплатна правна помош;
- Износ на средства исплатени за бесплатна правна помош;
- Износ на вратени средства од наплатени трошоци за правна помош.

Подготовката на годишниот извештај како и процесот на прибирање на информации и податоци е во тесна соработка со Подрачните одделенија при Министерство за правда, Здруженија на граѓани овластени за давање на бесплатна правна помош и Правни клиники.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

## Правна рамка и институционална рамка

### Правна рамка

Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ „ бр. 101/19 ) се применува од 01 октомври 2019 година, со овој закон се уредуваат општите правила за обезбедување на бесплатната правна помош, видовите, опсегот на бесплатната правната помош, давателите и корисниците на бесплатна правна помош, нивните обврски и одговорности, постапката во која се остварува правото на бесплатна правна помош, финансирањето, наградата и надоместокот на трошоците за дадената бесплатна правна помош, бесплатна правна помош во прекугранични спорови, транспарентност и отчетност во давањето бесплатна правна помош, посебните постапки за правна помош, надзорот над примената на овој закон и други прашања кои се однесуваат на бесплатната правна помош. Целта на овој закон е да се овозможи и унапреди правото на физичките лица на пристап до правдата и правичната судска заштита.

Со новиот закон за бесплатна правна помош се подобрени условите за пристап до правдата на тој начин што не само граѓаните кои имаат статус на социјален случај, туку сите физички лица кои имаат ниски приходи, можат да добијат бесплатна правна помош.

Како лица со ниски приходи се сметаат сите оние чии месечни приходи не се поголеми од една минимална нето плата во Република Северна Македонија.

Исто така се овозможи вештачењето, судските и административните такси да бидат покриени од страна на буџетот на Министерство за правда, што придонесе за рапидно зголемување на заинтересирани граѓани за бесплатна правна помош.

Министерството за правда ги усвои и објави 17-те подзаконски акти предвидени во ЗБПП во октомври 2019 година.[1] Процесот на изготвување на подзаконските акти започна во јули 2019 година со учество и поддршка од Фондацијата Отворено општество Македонија и Македонското здружение на млади правници. Во **Анекс 1** од овој извештај е листата на сите усвоени подзаконски акти. Подзаконските акти се групирани според типот на прашања што ги регулираат, а се објавени во (”Сл.весник на РСМ бр.199/2019”).

[1] Подзаконските акти беа објавени во Службен весник на РСМ бр. 199/2019 и 214/2019.

**Институционална рамка**

Активностите кои се однесуваат на бесплатната правна помош се извршуваат преку Одделението за БПП и Подрачните одделенија во рамки на Секторот за бесплатна правна помош и политички систем на Министерството за правда.

Одделението за бесплатна правна помош е екипрано со 5 вработени;

Поконкретно во Одделението за бесплатна правна помош се вршат следните работи и задачи:

- подготвување на предлози на закони и други прописи во врска со давањето на бесплатната правна помош;
- изготвување извештаи, анализи, осврти, информации и други материјали за Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, и други органи, што се однесуваат за давањето на бесплатната правна помош;
- водење евиденција на примени барања за бесплатна правна помош;
- водење евиденција за доставени барања до други органи;
- водење на регистри на адвокати и здруженија;
- вршење проверка на податоците од соодветните органи;
- подготвување на книги, обрасци и други материјали за потребите на подрачните одделнија за давањето на бесплатната правна помош;
- подготвување решенија за запишување во регистарот на адвокати и во регистарот на здруженијата;
- изготвување решенија за исплата на надомест – за подрачно одделение;
- следење на состојбите во областа за давањето на бесплатна правна помош и унапредување на методот на работа; и
- врши други работи определни со закон и друг акт, а се однесуваат на бесплатната правна помош.

Подрачни одделенија

На територијата на Република Северна Македонија има 21 (дваесетиедно) подрачно одделение со 23(дваесетиподрачни канцеларии, со вкупен број на вработени 99 од кои 20 лица се со овластување за потпишување на реалните акти – потврди и известувања, и тоа:

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Листа на подрачни одделенија и канцеларии со број на вработени**

| Подрачни одделенија и канцеларии | Број на вработени | Подрачни одделенија и канцеларии | Број на вработени |
|---|---|---|---|
| **1.ПО Радовиш и Берово** | | **11.ПО Кичево** | **9** |
| - Канцеларија Радовиш | **1** | **12.ПО Охрид** | **2** |
| - Канцеларија Берово | **1** | **13.ПО Струга** | **2** |
| **2.ПО Македонски Брод** | **1** | **14.ПО Струмица** | **2** |
| **3.ПО Валандово** | **2** | **15.ПО Штип** | **2** |
| **4.ПО Гевгелија** | **2** | **16.ПО Битола** | **9** |
| **5.ПО Македонски Брод** | **1** | **17.ПО Прилеп, Демир Хисар и Крушево** | |
| **6.ПО Валандово** | **2** | - Канцеларија Прилеп | **1** |
| **4.ПО Гевгелија** | **2** | - Канцеларија Демир Хисар | **1** |
| **5.ПО Виница и Кочани** | | - Канцеларија Крушево | **0** |
| - Канцеларија Виница | **5** | **18.ПО Куманово и Кратово** | |
| - Канцеларија Кочани | **1** | - Канцеларија Куманово | **6** |
| **6.ПО Делчево** | **1** | - Канцеларија Кратово | **1** |
| **7.ПО Неготино и Кавадарци** | | **19.ПО Гостивар и Дебар** | |
| - Канцеларија Неготино | **2** | - Канцеларија Гостивар | **7** |
| - Канцеларија Кавадарци | **1** | - Канцеларија Дебар | **2** |
| **8.ПО Крива Планка и Пробиштип** | | **20.ПО Тетово** | **21** |
| - Канцеларија Крива Паланка | **1** | **21.ПО Скопје, Карпош, Центар, Чаир, Гази Баба и Кисела Вода** | |
| - Канцеларија Пробиштип | **1** | - Канцеларија Карпош | **2** |
| **9.ПО Ресен** | **2** | - Канцеларија Центар | **1** |
| **10.ПО Свети Николе и Велес** | | - Канцеларија Чаир | **2** |
| - Канцеларија Свети Николе | **2** | - Канцеларија Гази Баба | **2** |
| - Канцеларија Велес | **2** | - Канцеларија Кисела Вода | **2** |

Во подрачните одделенија се вршат следните работи и задачи :

- комплетирање на документацијата по барања за бесплатна правна помош;
- давање предходна правна помош;
- водење евиденција на примени барања за бесплатна правна помош;

- водење евиденција за доставени барања до други органи;
- информирање граѓаните за користење на бесплатна правна помош;
- врши други работи определени со закон и друг акт.




Министерството за правда води регистри за давателите на претходна правна помош и правна помош во судски и управни постапки, кои се објавени на веб страната.

Во Регистарот на адвокати за давање на правна помош запишани се нови 41 адвокати, по што вкупниот број на запишани адвокати за давање на правна помош до крајот на 2022 година изнесува 488 адвокати.

Во Министерството за правда се води и регистер на овластени здруженија за давање примарна правна помош и овластени правни клиники за давање примарна правна помош.

- Број на овластени Здруженија за давање примарна правна помош -15
- Број на овластени Правни клиники за давање примарна правна помош - 7

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

## Статистички податоци за бесплатна правна помош во 2022

### Примарна правна помош

Примарна правна помош во 2022 година е обезбедена преку: Подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерство за правда, преку овластени здруженија реистрирани во Регистарот на овластени здруженија за давање на бесплатна правна помош при Министерство за правда и Правните клиники регистрирани во Министерство за правда за давање на бесплатна правна помош.

1. **Примарна правна помош (Вкупен број)***

**Табела бр. 1**

| | Вкупен број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак | Алб | Тур | Ром | Срб | Вла | Други |
| Подрачни одделенија | 3330 | 1915 | 1316 | 1863 | 731 | 232 | 257 | 5 | 0 | 15 |
| Овластени здруженија | 2448 | 1079 | 1342 | 1544 | 93 | 35 | 732 | 4 | 0 | 31 |
| Правни клиники | 194 | 111 | 83 | 48 | 15 | 4 | 113 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 5972 | 3105 | 2741 | 3455 | 839 | 271 | 1102 | 9 | 0 | 46 |

*Табеларен приказ на податоци за вкупен број на лица кои добиле примарна правна помош.

Во 2022 година преку подрачните одделенија, овластените здруженија и правните клиники, вкупно 5972 лица добиле примарна правна помош, од кои 3105 биле мажи и 2741 биле жени.

Во 2022 година во Подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерството за правда, вкупно 3330 лица добиле примарна правна помош, од кои 1915 биле мажи, 1316 биле жени. Табеларен приказ на статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле примарна правна помош по Подрачни одделенија е прикажана во Анекс 2 - Табела бр. 1.1 Подрачни одделенија од овој извештај.




Од вкупниот број на лица (3330) кои добиле примарна правна помош во 2022 година во подрачните одделенија, 1863 лица биле од македонска етничка припадност, 731 лица од албанска етничка припадност, 232 лица од турска етничка припадност, 257 лица од ромска етничка припадност и 5 лица од српска националност и 15 лица од друга етничка припадност.




Согласно извештаите на давателите на бесплатна правна помош најчесто поднесени барања за примарна правна помош во 2022 година се од областа на: имотно- правни работи, развод на брак, изрекување на мерки за заштита на жртви од семејно насилство, заштита на деца, утврдување на татковство итн.

**Овластени здруженија** кои даваат бесплатна правна помош се запишани во Регистар на здруженија за бесплатна правна помош на Министерство за правда. Вкупно 15 здруженија се запишани во Регистарот на здруженија за бесплатна правна помош.

Согласно чл. 8 став 7 од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ „ бр. 101/19 ) „Здружението за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош е должно да доставува месечни извештаи до Министерството".

Во 2022 година вкупно 13 (тринасет) здруженија доставија извештаи за дадена примарна правна помош до Одделението за бесплатна правна помош. Вкупно 2448 лица добиле примарна правна помош преку овластените здруженија, од кои 1079 се мажи и 1342 се жени.




Во **Анекс 3** од овој извештај прикажана е табела (**Табела бр. 1.2 Овластени здруженија**) со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле примарна правна помош и поднесени барања за секундарна правна помош во Овластени здруженија.

**Правните клиники** кои даваат бесплатна правна помош се регистрирани од страна на Министерство за правда и објавени на веб страната на Министерството во Регистарот на Правни клиники. Вкупно 7 (седум) Правни клиники се запишани во Регистарот што се води при Министерство за правда.

Во 2022 година вкупно 3 (три) Правни клиники доставија извештај до Одделението за бесплатна правна помош – Министерство за правда. Вкупно 194 лица добиле примарна правна помош од кои 111 се мажи и 83 се жени.

Додека останатите 4 (четири) правни клиники запишани во Регистарот на правни клиники за давање на примарна правна помош при Министерството за правда немаат доставени извештаи/податоци до Одделението за бесплатна правна помош.




Во **Анекс 4** од овој извештај прикажана е табела (**Табела бр.1.3 Правни клиники**) со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле Примарна правна помош и поднесени барања за секундарна правна помош во Правни клиники.

## Секундарна правна помош

Секундарна правна помош се одобрува на лице кое има потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна правна работа и кое не е во можност да ги плати трошоците на постапката заради неговата финансиска состојба и чие барање е оправдано. Секундарната правна помош ја одобрува или одбива преку потврда овластено лице од Подрачно одделение за бесплатна правна помош

Во периодот 01.01.-31.12.2022 година биле поднесени вкупно 291 барања за секундарна правна помош.

- одобрени се 231 барања, одбиени се 40 барања
- донесени се 15 решенија за прекин на одобрената секундарна правна помош

### 2. Секундарна правна помош (вкупен број)

**Табела бр.2**

| | **2021** | **2022** |
|---|---|---|
| Број на поднесени барања | 295 | 291 |
| Број на одобрени барања | 203 | 231 |
| Број на одбиени барања | 65 | 40 |
| Број на донесени решение со кое се прекинува одобрената секундарна правна помош[2] | 13 | 15 |

Согласно извештаите на Подрачните одделенија на бесплатна правна помош при Министерството за правда најчесто поднесени барања за секундарна правна помош во 2022 година

[2] Согласно член 26 став 1 од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ „ бр. 101/19 ): Министерството ќе донесе решение со кое се прекинува одобрената секундарна правна помош во следните случаи: - по барање на корисникот, - кога корисникот на правната помош починал, освен ако сите членови на неговото семејство со кои живеел во заедничко домаќинство ги исполнуваат условите за одобрување на секундарна правна помош и имаат правен интерес за решавање на правното прашање, имаат волја да ја продолжат постапката во која е одобрена правна помош и ако се работи за правно прашање кое може да се наследи, а застапување на место на корисникот во постапката го известат Министерството во рок од 15 дена од денот на смртта на корисникот, - ако адвокатот доставил образложено мислење дека е нецелисходно понатамошно давање на секундарна правна помош, - кога корисникот од неоправдани причини и во континуитет не се состанува со адвокатот во претходно договореното време и место и за тоа не го известил адвокатот или одбива да соработува во процесот на добивање на секундарна правна помош или во процесот при давање на секундарна правна помош, - ако се утврди дека корисникот по донесувањето на решението со кое се одобрува секундарна правна помош повеќе не ги исполнува условите за одобрување на секундарна правна помош утврдени со Одделот 3 глава II од овој закон, - ако се утврди дека трошоците за одобреата секундарна правна помош се несразмерно повисоки во споредба со вредноста на спорот или - ако во периодот на користење на секундарна прав- на помош се утврди дека корисникот дал лажни податоци со цел да добие секундарна правна помош.

се од областа на: имотно- правни работи, развод на брак, изрекување на мерки за заштита на жртви од семејно насилство, заштита на деца, утврдување на татковство итн.

Во **Анекс 5** од овој извештај прикажан е преглед на поднесените барања за секундарна правна помош по подрачно одделение во **Табела бр.2.1**.

## Успешни приказни

### 1. *Успешна приказна во врска со оставинска постапка*

Барателката на бесплатна правна помош С.Ј. од Скопје била слабоимотна личност и веќе подолго време не можела да го наследи имотот од својот покоен сопруг бидејки немала средства за да плати адвокат. Откако се обратила во Подрачно одделение на Министерство за правда Кисела Вода, и била одобрена секундарна правна помош односно адвокат А.Р. да ја застапува во оставинска постапка пред нотар. Адвокатот поднел предлог за решавање на оставината на 05.01.2023, а веќе на 06.02.2023 година Нотарот В.Г. од Скопје, донел решение со кое било решено за оставината, и имотот преминал на име на подносителката. Со тоа слабоимотната странка С.Ј, се стекнала со имот, и веќе не е со статус слабоимотна. Го решила своето стамбено и имотно прашање.

### 2. *Успешна приказна од семејното право*

Барателката за бесплатна правна помош Р.Б. од Скопје, веќе подолго време живеела одвоена од сопругот поради нарушени брачни односи, и неможела да пристапи до правата од социјална заштита бидејќи се води како лице во брак. Таа неможела да одвои средства за адвокат да ја застапува во постапка за развод на брак бидејќи била слабоимотна, па се обратила до Подрачно одделение на Министерство за правда, Гази баба, по што и била одобрена секундарна правна помош-адвокат кој ќе ја застапува во бракоразводна постапка. Постапката успешно се завршила, бракот бил разведен а барателката како самостојна личност настапила пред органите на Центрите за социјална работа и ги остварила своите права од социјална природа.

3. Успешна приказна од вонпарнична постапка

Барателката на БПП, лицето Е.М. од Тетово, веќе долги години го трпела проблемот со докажување татковство на нејзините три деца, бидејќи во изводот на родени стоело името од нејзиниот прв сопруг со кој не била разведена, а не живеела со него веќе 15 години. Децата биле родени во вонбрачна заедница со нејзиниот втор сопруг. Откако се обратила во П.О.Тетово, и била одобрена секундарна правна помош/доделен адвокат Ј.Т. од Тетово кој на 02.12.2021 година поднел тужба до надлежен суд за утврдување татковство на трите малолетни деца. На 29.06.2022 година веќе била донесена пресуда која станала правосилна, со која се утврдило татковство на децата и во изводите на родени, во графата татко било впишано името на нивниот вистински биолошки татко.

*Одделението за бесплатна правна помош при Министерство за правда бележи 85% успешни приказни од вкупно 291 поднесено барање за секундарна правна помош.*

*Сите овие успешни приказни сведочат за успешното работење и функционирање на системот за бесплатна правна помош во Република Северна Македонија и квалитетот на работата на вработените во Минситерството и Подрачните одделенија.*

## Буџет и финансиски податоци

Со буџетот на Министерство за правда за 2022 година, одобрени средства/буџет за бесплатна правна помош за 2022 година изнесува 5.000.000,00 денари. Реализираниот годишен буџет за бесплатна правна помош во 2022 година изнесува 3.974,558,00 денари.

Врз основа на Решенија на адвокати и адвокатски друштва во 2022 година исплатени им се средства во висина од 1.710.008,00 денари, а на Здруженија во 2021 година исплатени им се средства во висина од 26.250,00 денари.

Со буџетот на Министерство за правда за 2022 година, за БПП обезбедени се средства во висина од 5.000.000,00 денари, на буџетска сметка 637 - Програма 10 Администрација - Ставка 425 Договорни услуги.

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

## Технична екипираност



Во текот на 2022 година преку заедничкиот проект на Европската унија и Советот на Европа за “Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија”, беа донирани 25 лаптопи и 5 мулифункционални принтери на Одделението за бесплатна правна помош и на подрачните одделенија на Министерството за правда. Подрачните одделенија во изминатиот период се соочуваа со пречки во работењето токму поради отсуството на соодветна техничка опрема за извршување на нивната секојдневна работа и донацијата на овие 25 лаптопи во голема мера ќе придонесе во отстранување на тој проблем и зајакнување на ефикасноста и квалитетот во обезбедувањето на услугите за бесплатна правна помош.

## Доделување финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники

Согласно член 11 став 2 од Законот за бесплатна правна помош( Службен Весник на РСМ бр.101/19 од 22.05.2019 година) министерот за правда објави јавен конкурс за доделување финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники.

Министерството за правда брз основа на спроведената постапка, согласно приоритетот наведен во јавниот конкурс, односно општините кои ги опфаќаат подносителите на пријавите согласно

проектот за имплементација, одлучи првите седум (7) кандидати од ранг листа да добијат финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени и правни клиники, во износ од 150.000,00 денари, во вкупен износ од 1.050.000,00 денари од редовната буџетска сметка на Министерството за правда 634, Програма 10, Ставка 425, средства предвидени во Буџетот на Министерството за правда за 2022 година, согласно извештајот од спроведената постапка и согласно член 11 од ЗБПП.

**1.Младински Кулутрен Центар – Битола**

**2.Здружение Национален Ромски Центар- Куманово**

**3.Здружение ЕХО Едукативно -хуманитарна организација Штип**

**4. Правна Клиника Емине Зендели Правен Факултет при Универзитетото на Југоисточна Европа Тетово**

**5.Здружение Невладина Организација Кхам Делчево**

**6.Здружение Хопс -Опции за здрав живот Скопје**

**7.Правен факултет Гоце Делчев-Штип**

**1. Назив на здружение Младински Културен Центар(МКЦ БИТОЛА)**

Наслов на проектот:Еднаков пристап до правда за граѓаните од Пелагонискиот регион.

Број на договор за доделување финансиски средства: 1158/16 од 01.07.2022 година

Град, плански регион каде се имплементира проектот: Пелагониски регион (Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци)

Одобрен буџет: 150 000, оо денари

Резултати:

1.Остварен резултат: Обезбедена примарна правна помош на 103 граѓани, од кои 20 граѓани од општините Демир Хисар, Новаци, Могила, Прилеп и Охрид;

2. Остварен резултат: Зголемена информираност кај граѓаните за нивните права, обврски и начини на нивна заштита во Пелагонски регион (општини Демир Хисар, Новаци и Могила);

3. Остварен резултат: Подобрена информираност на граѓаните за законот за бесплатна правна помош во Пелагонски регион (општини Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци);

4.Остварен резултат: Зголемување на знаењата кај граѓаните за правото на бесплатна правна помош и негово помасовно користење;

5. Остварен резултат: Подобрена соработка со општините, граѓанските организации и институциите со цел подобар пристап до правда за целните групи.

**2. Назив на здружение**: **Здружение „Национален Ромски Центар " Куманово**

Наслов на проектот:Правни процеси-ПРАВДА, почит и доверба

Град, плански регион каде се имплементира проектот: Куманово , Ранковце, Крива Паланка

Одобрен буџет: 150 000, оо денари

Резултати:

1. Пружена примарна правна помош на 116 лица

2. Поднесени се 5 барања за секундарна правна помош .

**3. Назив на здружение** : **ЕХО Едукативно-хуманитарна организација Штип**

Наслов на проектот:Унапредување на пристапот до правда за граѓаните во Пелагонискиот Регион

Град, плански регион каде се имплементира проектот: Општините Прилеп и Крушево и дополнително Штип

Одобрен буџет: 150 000, оо денари

Резултати:

1. Обезбедена е бесплатна правна помош на 71 граѓанин;

2. Вкупно 106 граѓани добија примарна правна помош во сите три облици;

3. Реализирани вкупно пет отворени информативни денови со поставување на информативен пулт на отворен, јавен и достапен простор и дистрибуција на промотивните торбички и информативни флаери од страна на проектниот тим, од кои 4 се одржаа во Прилеп и 1 во Крушево;

4. Околу 500 граѓани пристапија и добија информативен материјал на овие отворени денови;

5. Објавени вкупно 19 содржини, од кои 5 спонзорирани, со вкупен опсег на 31791 корисници на социјалните мрежи и 2837 ангажмани;

6. Дистрибуција на информативно-промотивниот материјал до локалните институции и граѓански здруженија;

7. Организирани беа две сесии за правно описменување на социјално ранливи граѓани во општините Прилеп и Крушево.

**4.Назив на здружението или Правниот факултет: Правна Клиника "Емине Зендели", Правниот Факултет, Универзитет на Југоисточна Европа**

Наслов на проектот: Бесплатна правна помош, предизвици и решенија

Град, плански регион каде се имплементира проектот: Тетово и Гостивар и рурални средини

Одобрен буџет: 150 000, оо денари

Резултати:

1. Промовирана Правната клиника во Тетовскиот регион;

2. Воспоставена соработка со невладина организација Асоцијација за Афирмирање на Жени, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, Женски Центар за поддршка-Тетово;

3. Директна работа со жени и деца жртви на семејно насилство;

4. Средствата донирани за Правната клиника се дадени за хуманитарни цели за сместување на жени и деца жртви на семејно насилство.

**5. Назив на здружение: Невладина организација КХАМ Делчево**

Наслов на проектот:Пристап до бесплатна правна помош

Град, плански регион каде се имплементира проектот: Делчево, Источно плански регион

Одобрен буџет: 150 000, оо денари

Резултати:

1. Зголемен бројот на жени кои барале услуга-Бесплатна правна помош;

2. Презентирани се резултатите на организацијата во давање на примарна бесплатна правна помош пред граѓаните на Делчево;

3. Континуиран пристап на граѓаните од ранливи категории до услугата бесплатна правна помош

4. Континуирано информирање на граѓаните за услугата на бесплатна правна помош во синергија со програмите и проектите кои НВО„КХАМ“ Делчево ги реализира во текот на 2022 година;

5. Зголемена доверба во КХАМ како организација која ги заштитува правата на жените и маргинализираните групи.

**6. Назив на здружени**: **Здружение ХОПС - Опции за здрав живот Скопје**

Наслов на проектот: Унапредување на правото на пристап до правда на физичките лица, со посебен фокус на луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници и нивните семејства преку давање на бесплатна примарна правна помош

Град, плански регион каде се имплементира проектот: Скопје, Населба Шуто Оризари

Одобрен буџет: 150 000, оо денари

Резултати:

1. Зголемена информираност на населението во општина Шуто Оризари, вклучувајќи ги и луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници кои живеат во општина Шуто Оризари за: примарната правна помош согласно ЗБПП; за секундарната бесплатна правна помош што ја нуди државата, односно за начинот и условите кои треба да ги исполнуваат истите за да добијат секундарна правна помош; за какви постапки можат да добијат секундарна правна помош; за можноста од бесплатни адвокатски услуги;

2. Преку информираноста, успешно ја промовиравме БПП согласно ЗБПП. 3. Дадена е и бесплатна правна помош согласно ЗБПП на населението населението во општина Шуто Оризари, вклучувајќи ги и луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници.

**7**.Назив на здружението или Правниот факултет: **Правна Клиника на Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

Наслов на проектот: Мобилна правна клиника

Град, плански регион каде се имплементира проектот: Карбинци, Чешиново-Облешево и рурални средини во Општина Штип

Одобрен буџет: 150 000, оо денари

Резултати:

1. Формирани 3 (три) тима од по два студенти за теренски посети;

2. Се воспостави соработка со 4 (четири) општини, со потпишување на меморандум за соработка (општина Карбинци, општина Чешиново-Облешево, општина Валандово, општина Штип);

3. Информирана администрација во општина Чешиново-Облешево и општина Карбинци за системот на бесплатна правна помош;

4. Испечатени и дистрибуирани 87 примерока од информативните флаери/брошура со информации за бесплатна правна помош и информации за Правната Клиника како овластен давател на примарна правна помош;

5. Информирани граѓани од помалите општини и руралните средини за системот на бесплатна правна помош и постоењето на правната клиника како овластен давател на бесплатна правна помош;

6. Подобрен пристап до бесплатна правна помош;

7. Дадена примарна правна помош на 21 корисници на примарна правна помош, од кои 13 жени и 8 мажи.;

8. Зајакнати капацитети за практицирање на правото кај 6 (шест) студенти, од кои 5 жени и 1 маж.

## Активности за промоција и информирање на јавноста за бесплатната правна помош

### ❖ *Кампања за подигнување на свеста за бесплатната правна помош*

Кампањата за подигање на свеста кај граѓаните на Северна Македонија за бесплатната правна помош, спроведена од Министерството за правда, во соработка со проектот на Европската унија и на Советот на Европа, Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија, која што започна во октомври 2020, продолжи и во текот на цела 2022 година и допре до повеќе од 500 000 граѓани, информирајќи ги за важноста, достапноста и функционирањето на системот за бесплатна правна помош.

Кампањата има за цел да го промовира системот за бесплатна правна помош како важен механизам за правна заштита на ранливите категории на граѓани и како обврска на државата да обезбеди еднаков пристап до правда за сите граѓани кои што тоа не можат да си го дозволат.

Различни промотивни материјали (флаери, постери, брошури, анимациско видео и други информативни материјали) беа произведени и дистрибуирани до повеќе од 233 институции и достапни на повеќе јазици (македонски, албански, турски и ромски). Информативни материјали се достапни и на Брајова азбука за слепи и лица со оштетен вид. Реклама за бесплатна правна помош беше поставена на два двокатни автобуси од ЈСП Скопје (број 22а Водно – Волково и број 57 Козле – Радишани).






Во текот на 2022, 12 микро промоции во форма на промотивни активности беа одржани во различни градови и рурални средини, преку кои граѓаните директно беа информирани за правото на бесплатната правна помош. Промоциите беа организирани со инфо штандови поставени на места каде што граѓаните најчесто се движат. Овие промоции се особено важни затоа што традиционалните и онлајн промоциите не секогаш може да допрат до сите групи на граѓани.

**Табела со локации каде се одржани промоциите*

| | Локална заедница | Датум на промоцијата |
|---|---|---|
| 1. | Промоција во Општина Виница | 13 јули 2022 |
| 2. | Промоција во Општина Кочани + Облешево | 14 јули 2022 |
| 3. | Промоција во Општина Штип + Лозово | 22 јули 2022 |
| 4. | Промоција во Општина Шуто Оризари | 23 јули 2022 |
| 5. | Промоција во Општина Дојран + Општина Струмица | 25 јули 2922 |
| 6. | Промоција во Општина Битола + Општина Могила | 29 јули 2022 |
| 7. | Промоција во Општина Прилеп и Оптина Кривогаштани | 30 јули 2022 |
| 8. | Промоција во Општина Куманово и Општина Ново Село | 11 август 2022 |
| 9. | Промоција во Општина Охрид и Пештани | 13 август 2022 |
| 10. | Промоција во Општина Струга и Делогожда | 14 август 2022 |
| 11. | Промоција во Општина Тетово и Бревеница | 18 август 2022 |
| 12. | Промоција во Општина Делчево | 20 август 2022 |

Вкупно, околу 4000 граѓани беа информирани (60% жени, 40% мажи) за бесплатната правна помош.




Граѓаните може да добијат информации за бесплатната правна помош и на веб страната: http://www.pravnapomos.mk/ како и на Фејсбук страната Бесплатна правна помош кои функционираат како платформа каде што граѓаните може да добијат повеќе инфромации за условите и видот на правни прашања за кои што може да се добие бесплатна правна помош.

Инклузивната природа на кампањата и комбинираните напори на различините чинители во системот за бесплатна правна помош (Министерството за правда, Адвокатската комора, овластените здруженија на граѓани и правните клиники) ќе водат кон уште поголем пораст на барањата за бесплатна правна помош од граѓани коишто не се во ситуација да си дозволат правна помош поради нивната економска состојба.





Интензивираните напори на Министерството за правда заедно со сите чинители беа нотирани и во Извештајот за напредокот на Европската комисија за Северна Македонија за 2022

❖ *Одбележување на Европскиот ден на правдата – Две години од отпочнувањето на кампањата за подигнивање на свеста за бесплатната правна помош*

Европскиот ден на правдата 2022 беше одбележан со конференција на високо ниво, организирана во соработка со Министерството за правда, а поддржана од заедничкиот проект на Европската унија и Советот на Европа, "Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија". На конференцијата се презентираа резултатите од кампањата за подигање на свеста за бесплатна правна помош во Северна Македонија. Околу 100 претставници од Министерството за правда и неговите подрачни одделенија и канцеларии, меѓународни организации, претставници од граѓанското општество, правни клиники и други правници и

адвокати се собраа на едно место да ги разменат нивните мислења, да го нагласат успехот и предизвиците поврзани со напорите за зголемување на пристапот до правда за граѓаните.






Настанот беше отворен од Министерот за правда Никола Тупанчески кој нагласи дека сите граѓани треба да имаат загарантиран пристап до правдата и до фер судење. *„Системот за бесплатна правна помош гарантира дека граѓаните кои се во тешка финансиска ситуација можат да се обратат до давателите на правна помош и да побараат правна помош и адвокат финансиран од државата. Задоцнетата правда е негирана правда"* истакна Тупанчески. Покрај Министерот за правда, свои обраќања имаа Кристоф Поарел – Директор на Директоратот за човекови права при Совет на Европа, Мари-Маделин Каналопулоу – Оперативна директорка во Делегацијата на ЕУ во Скопје и Љубомир Михајловски – Претседател на Адвокатската комора кој ја нотираше важноста на улогата на адвокатите во давањето на бесплатна правна помош, нагласувајќи дека адвокатите имаат одговорност да им помогнат на граѓаните да добијат правда. Настанот беше медиумски покриен и 55 статии беа објавени на електронските медиуми.

## Национално координативно тело за имплементација на Законот за бесплатна правна помош

Националното координативно тело за имплементација на Законот за бесплатна правна помош (НКТ) во текот на 2022 одржа три состаноци (28 февруари 2022, 20 јуни 2022 и 7 октомври 2022) на кои се дискутираше на теми од значење за примената на Законот за бесплатна правна помош – постигнувања и предизвици. Се дискутираа важни теми поврзани искуствата и предизвиците

поврзани со пристапот до правна помош за жртви на семејно насилство како и потребата за соработка во обезбедувањето на правна помош за лицата припадници на ромската етничка заедница. На дессеттиот состанок на НКТ кој што се одржа на 7 октомври 2022 се дискутираа и конкретни предлози за измени на Законот за бесплатна правна помош, кои станаа дел од Анализата на Законот за бесплатна правна помош: Препораки за подобрување на законската рамка и политиките за бесплатна правна помош во граѓански и управни работи во Северна Македонија како и се дискутираше изводливоста за воспоставување на едно тело за менаџирање на системот за бесплатна правна помош.



Националното координативно тело за имплементација на Законот за бесплатна правна помош (НКТ) беше формирано во јануари 2020 со поддршка на горесспоменатиот проект на Совет на Европа и Европска Унија” како форум за споделување информации, комуникација и координација помеѓу засегнатите страни на теми од значење за примената на Законот за бесплатна правна помош и олеснување на пристапот до правда на национално ниво.



## Обуки на вработените

Во јануари 2022 година, во рамките на гореспоментатиот проект на Европска унија/Совет на Европа беше одржана тридневна обука за обучувачи за бесплатна правна помош наменета за вработените во подрачните одделенија/канцеларии во рамките на која беа обучени 16 претставници од подрачните одделенија/канцеларии. Две тридневни каскадни обуки за бесплатна правна помош за вработените во подрачните одделенија беа одржани во април (од 13ти до 15ти) и во мај (од 9ти до 11ти) 2022. Каскадните обуки ги зајакнаа капацитетите на околу 50 вработени во подрачните одделенија/канцеларии на Министерството за правда за поефективно обезбедување на бесплатна правна помош особено за ранливи категории, со посебен осврт на жртви на семејно и родово базирано насилство. Исто така обуките придонесоа за поголема вклученост на подрачните одделенија/канцеларии во промоцијата на важноста на бесплатната правна помош.





Обука за имплементација на член 11 од Законот за бесплатна правна помош, во однос на доделување на финансиски средства на здруженија на граѓани и правни клиники овластени за давање на примарна правна помош, беше одржана на 18 јануари 2022 на вработените од Министерството за правда кои што подоцна учествуваа во работната група за спроведување на постапката. **“Упатствата за процедурата за доделување на финансиска поддршка на овластените здруженија на граѓани и правните клиники”** развиени од консултанти на Советот на Европа беа презентирани на обуката, која што беше од исклучително значење за вработените кои што ја спроведуваа постапката. Препораките на Советот на Европа беа успешно имплементирани при спроведувањето на целата постапка за прв пат по донесувањето на Законот за бесплатна правна помош од 2019 година.

Вработените во Одделението за бесплатна правна помош на 30ти март и 1ви април 2022, беа обучени за судската практика на Европскиот суд за човекови права во однос на правото на бесплатна правна помош во граѓански и управни предмети. На истата обука (поддржана од проектот на Советот на Европа/Европската Унија) капацитетите на вработените беа зајакнати во однос на собирање, обработка и анализа на податоци, обезбедување на благосостојба, намалување на стресот и прегореноста од работа. Дополнително на тоа, вработените во

Одделението како и во подрачните одделенија имаа можност да дискутираат и да бидат советувани во однос на практичната имплементација на некои одредби од Законот за бесплатна правна помош.



На 28ми и 29ти ноември 2022, се одржа дводневна обука за пристап до правда во предмети на семејно и родово базирано насилство наменета за подрачните одделенија на Министерство за правда и Центрите за социјална работа, заеднички организирана во рамките на ЕУ/СнЕ проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош“ имплементиран од Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје и проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните“ имплементиран од Фондација Отворено општество – Македонија, ХОПС и Станица ПЕТ, финансиски поддржан од ЕУ.

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

## Анализи и истражувања

- Наоди и препораки од студијата за изводливост (физибилити студија) за воспоставување на единствено тело за управување со системот за бесплатна правна помош во Северна Македонија

Правната помош за сиромашните во Северна Македонија е уредена на различен начин, во зависност од видот на прашањето за кое се дава правна помош. Во граѓанските и управните прашања таа се дава согласно Законот за бесплатна правна помош додека проверката на исполнувањето на условите и назначувањето на адвокати ги врши Министерството за правда. За лицата обвинети во кривични постапки, пристапот до правна помош е уреден со Законот за кривичната постапка, а проверката на исполнувањето на условите и назначувањето на адвокатите го вршат судовите. Кога се работи за деца пак клучен е Законот за правда за децата додека постапката зависи органот пред кој се води постапката.

Практиката покажа дека постојат сериозни предизвици во пристапот до правна помош. Малиот број лица кои ја користат, рестриктивните услови, нетранспарентниот начин за назначување адвокати, квалитетот на правната помош како, проблемите при исплатата на наградата на адвокатите, со одредени разлики, се заеднички за сите видови правна помош. Во вакви околности, а имајќи ги во предвид компаративните практики, се наметнува прашањето дали е остварливо, потребно и пожелно интегрирањето на системите за бесплатна правна помош во надлежност на едно единствено тело.

Со цел да одговори на ова прашање, во 2022 година тим од експерти на Советот на Европа работеше на студија за изводливост за воспоставување на единствено тело кое ќе управува со бесплатната правна помош во РСМ. Во фокус на студијата беше да се утврди дали е изводливо од правен, оперативен и финансиски аспект управувањето со сите постоечки системи за правна помош во кривичната, граѓанската и управната постапка да се довери на еден посебен субјект (орган или тело). Понатаму, каква структура, функции и надлежности би имал овој субјект како и кои се чекорите што треба да се спроведат за се спроведе оваа реформа.

Тимот од експерти користеше сложен сет на методи за собирање на податоци, вклучувајќи првични интервјуа со девет експерти од областа на правната помош, детални интервјуа со чинителите (високи претставници на судовите, Адвокатската комора на РСМ, јавните обвинители), анкети преку прашалници за адвокати како и фокус групи со 7 адвокати и 6 судии.

Тимот заклучи, врз основа на мноштвото аргументи на релевантните чинители во корист на интегрирањето. Доминантното мислење е дека системот за правна помош треба да биде ефикасен, ефективен и да одговара на потребите на оние на кои им е потребна, и дека еден од начините ова

да се оствари е преку доверување на надлежноста на едно тело/орган за управување со системот за правна помош.

Најдобрата опција би била единственото тело кое би управувало со целата бесплатна правна помош во државата да биде самостоен и независен државен орган, модел веќе признат со закон во Република Северна Македонија, а управуван и надгледуван од независен управен одбор. Управниот одбор би бил составен од 8 до 15 члена, претставници на Министерството за правда, Адвокатската комора, здруженијата, правните клиники, правосудството итн.

Студијата покажа исто така дека интегрирањето на системите за бесплатна правна е мошне сложена реформа кон која треба да се пристапи особено внимателно, во еден транспарентен и инклузивен процес во кој ќе бидат вклучени сите субјекти вклучени во системот на правна помош. Неопходна е политичка волја како и стручна поддршка во сите фази од реформирањето. Авторите предлагаат државата да ги земе во предвид наодите од студијата при стратешкото планирање на активностите во областа на правосудството.

Студијата е јавно достапна на следниов линк.

- Спроведено второто национално истражување за правните потреби и патишта до правдата - 66% од граѓаните се соочиле со најмалку еден правен проблем во последните три години

Во периодот од август до октомври 2022, Советот на Европа, во рамките на ЕУ/СнЕ проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош“, преку агенцијата за истражување на јавното мислење Брима го спроведе второто сеопфатно национално истражување за правните потреби и патишта до правдата во Северна Македонија. Истражувањето се спроведе преку телефонско анкетирање на случајно избран примерок од 2.800 испитаници. Цел на истражувањето беше да се идентификуваат правните проблеми со кои се соочуваат луѓето кои живеат во Северна Македонија, патиштата до нивно решавање и демографските групи кои се особено подложни на правни проблеми.

Според наодите 66% од анкетираните испитаници изјавиле дека се соочиле со најмалку еден правен проблем кој не бил тривијален во последните три години. Податоците покажуваат зголемување во споредба со студијата од 2012 година, каде нешто помалку од половина од испитаниците (49%) изјавиле дека доживеале парничен проблем. Најчесто се пријавуваат проблемите поврзани со правата на потрошувачите (20,11%), а потоа следат правните проблеми кои произлегуваат од повреди и здравствени проблеми (13,95%) како и долговите и прашањата поврзани со работниот однос (и двете по 11,3%). Меѓу другите проблеми што често се пријавуваат се и дискриминацијата, пристапот до социјална помош и јавни услуги и имот. Проблемите што

поретко се пријавуваат се однесуваат на семејни спорови, проблеми со полицијата, како и правни проблеми поврзани со децата.

Податоците покажаа дека социодемографските карактеристики играат улога во одредувањето на распространетоста на правните проблеми. Еден од факторите што влијае на распространетоста на правните проблеми е возраста. Согласно податоците, веројатноста да се доживеат правни проблеми се намалува со возраста. Родот е скромен предиктор за веројатноста дали ќе се доживее правен проблем, бидејќи 69% од испитаниците од машки пол пријавиле правни проблеми во споредба со 63% од оние од женски пол. Многу поважен фактор е дали испитаникот живее во урбано или рурално подрачје. Лицата кои живеат во рурални подрачја имаат 13% процентни поени поголема шанса да доживеат правни проблеми во споредба со лицата од урбани подрачја. Етничкото потекло игра улога во распространетоста на правните проблеми. Испитаниците од албанската заедница пријавуваат поголем број правни проблеми во споредба со другите етнички заедници.

Повеќето луѓе преземаат нешто за да ги решат своите правни проблеми. И покрај тоа, може да се види дека 19% рекле дека не направиле ништо за да го решат својот проблем. Повеќе од 80% од оние кои се занимаваат со потрошувачки проблеми контактирале со другата страна; некои барале информации од пријателите и роднините, а некои претпочитале да останат пасивни. Малкумина се оние кои го изнеле проблемот пред стручни лице или барале институционален пат до правдата. *Адвокатите почесто биле користеа кога поединците решавале проблем поврзан со недвижен имот, повреди и долгови*. Постои поголема веројатност луѓето да не преземат ништо во ситуации на поплаки за јавни услуги, повреди и проблеми поврзани со здравјето.
Истражувањето се фокусираше и на ставовите во однос на правосудниот систем. Само 3,3 отсто од испитаниците целосно се согласуваат со изјавата дека законите и правосудниот систем во Северна Македонија се праведни и правични. Речиси 70% од испитаниците имаат негативен став кон правосудниот систем. Но, и покрај ова, сепак, 1/3 од испитаниците судовите ги сметаат за важен механизам за обичните луѓе да ги остварат своите права. Во големо мнозинство испитаниците се согласија дека судскиот систем подобро функционира за богатите отколку за сиромашните и дека трошоците за остварување на правдата се многу високи и претставуваат голем товар. Доживувањето правни проблеми проблеми се чини дека е силен предиктор за ставовите, при што кај луѓето што доживеале правни проблеми постои поголема веројатност да имаат негативни чувства кон правосудниот систем воопшто во споредба со лицата кои немале никакви правни проблеми.
Деталниот извештај од истражувањето ќе биде јавно објавен во текот на април 2023.

Република Северна Македонија
Министерство за правда

- Препораки за подобрување на законската рамка и политиките за бесплатна правна помош во граѓански и управни работи во Северна Македонија

На десеттиот состанок на Националното координативно тело за бесплатна правна помош кој се одржа на 7 октомври 2022 година беше презентирана и дискутирана нацрт-анализа на спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош и потребата од негова измена. Во фокус на анализата беше идентификување на законските одредби во Законот за бесплатна правна помош коишто предизвикуваа проблеми при примената и давање на конкретни предлози и препораки за нацрт-измени на Законот. Нацрт анализата беше изработена од страна на тим на експерти на Советот на Европа во соработка со Министерството за правда-Одделение за бесплатна правна помош и подрачните одделенија/канцеларии, здруженијата на граѓани и правните клиники регистрирани за давање на примарна правна помош.

На состанокот членовите на НКТ имаа можност да дадат коментар на нацрт-текстот на анализата, да се произнесат во однос на наодите и препораките, како и да предложат дополнување на текстот. Дополнително, беше оставен простор членовите да дадат и писмени коментари во определен временски период. Врз основа на пристигнатите предлози и препораки конечниот текст на анализата беше промовиран на завршната конференција одржана на 25 ноември 2022 година.

Анализата содржи детални и сеопфатни препораки во однос на примарната и секундарната правна помош како и во однос на севкупниот систем на управување со бесплатната правна помош. Таа треба да послужи како основа за идна измена на Законот која треба да се спроведе во инклузивен и транспарентен процес, како што беше изработена впрочем и самата анализа.
Анализата е јавно достапна и објавена на овој линк.

## Анекси

**Анекс 1**
Подзаконските акти предвидени во Законот за бесплатна правна помош, а се објавени во (”Сл.весник на РСМ бр.199/2019”).

***а. Подзаконски акти за примарна правна помош***

1. Правилник за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и во регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош
2. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош
3. Правилник за минималните просторни и технички услови кои треба да ги исполнуваат здруженијата заради запишување во регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош
4. Правилник за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош и содржината на извештаите кои ги доставуваат здруженијата и правните клиники до Министерството за правда
5. Правилник за образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од здруженијата и правните клиники
6. Тарифа за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање на примарна правна помош
7. Правилник за начинот на распишување и спроведување на јавниот конкурс за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош на овластените здруженија и правните клиники даватели на примарна правна помош, проверката на поднесените документи, начинот на бодување при оценување на пријавите и вршењето на контрола на трошењето на средствата

***б. Подзаконски акти за секундарна правна помош***

8. Правилник за формата и содржината на барањето за секундарна правна помош
9. Правилник за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на решавањето на поднесените барања и содржината на извештаите
10. Правилник за начинот на постапување при прием на барање за секундарна правна помош
11. Правилник за начинот за назначување на адвокат

***в. Подзаконски акти во врска со адвокатите***

12. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за секундарна правна помош

13. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на адвокати за секундарна правна помош
14. Правилник за образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од адвокат

***г. Подзаконски акти поврзани со конкретните постапки за правна помош***

15. Правилник за образецот на доставениот трошковник од страна на адвокатот за дадената правна помош на деца
16. Правилник за образецот на барањето за бесплатна правна помош во постапка за признавање на право на азил
17. Правилник за образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од страна на адвокат во постапка за признавање на право на азил

Република Северна Македонија

Министерство за правда

**Анекс 2**

**Табела со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле Примарна правна помош по Подрачни одделенија**

**Табела бр. 1.1 Подрачни одделенија**

| Подрачно одделение | Вкупен број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак | Алб | Тур | Ром | Срб | Вла | Други |
| ПО Кратово | 23 | 15 | 8 | 21 | 1 | 0 | | 1 | 0 | 0 |
| ПО Крива Паланка | 97 | 34 | 63 | 81 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Берово | 78 | 29 | 49 | 71 | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Битола | 57 | 29 | 28 | 49 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| ПО Македонски Брод | 58 | 48 | 10 | 57 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Виница | 87 | 40 | 47 | 68 | 0 | 0 | 19 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Валандово | 46 | 20 | 26 | 40 | 0 | 5 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| ПО Гевгелија | 15 | 3 | 12 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| ПО Гостивар | 42 | 28 | 24 | 6 | 34 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Дебар | 32 | 19 | 12 | 2 | 23 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Делчево | 24 | 14 | 10 | 20 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Демир Хисар | 105 | 58 | 47 | 103 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кавадарци | 94 | 48 | 46 | 78 | 0 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кичево | 276 | 221 | 55 | 85 | 127 | 24 | 39 | 0 | 0 | 1 |
| ПО Кочани | 27 | 15 | 12 | 23 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Пробиштип | 26 | 13 | 13 | 23 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Прилеп | 40 | 18 | 22 | 36 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Радовиш | 150 | 68 | 13 | 63 | 0 | 11 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Неготино | 71 | 32 | 39 | 27 | 54 | 0 | 17 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Охрид | 17 | 10 | 7 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Ресен | 1019 | 242 | 277 | 535 | 296 | 123 | 65 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Свети Николе | 15 | 10 | 5 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Струга | 69 | 29 | 40 | 23 | 25 | 16 | / | / | / | 5 |
| ПО Струмица | 229 | 97 | 132 | 183 | 45 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Тетово | 229 | 132 | 97 | 25 | 199 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Куманово | 42 | 20 | 22 | 31 | 4 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Штип | 64 | 37 | 27 | 48 | 0 | 3 | 10 | 0 | 0 | 3 |
| ПО Карпош | 129 | 64 | 65 | 105 | 7 | 0 | 14 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кисела Вода | 102 | 32 | 70 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПО Гази Баба | 18 | 6 | 12 | 8 | 1 | 0 | 7 | 1 | | 0 |
| ПО Центар | 25 | 12 | 13 | 12 | 3 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Чаир | 22 | 10 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Анекс 3**

**Табела со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле Примарна правна помош и поднесени барања за секундарна правна помош по во Овластени здруженија**

**Табела бр. 1.2 Овластени здруженија**

| Овластено здружение | Вкупен број на лица кои добиле ППП | Поднесени барања за СПП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | М | Ж | Мак | Алб | Тур | Ром | Срб | Вла | Други |
| МКЦ Битола | 184 | 9 | 91 | 93 | 100 | 12 | 1 | 71 | 0 | 0 | 0 |
| МЗМП | 463 | 22 | 178 | 257 | 363 | 12 | 0 | 52 | 1 | 0 | 9 |
| НРЦ Куманово | 118 | 1 | 50 | 68 | 10 | 19 | 0 | 97 | 0 | 0 | 2 |
| ЕХО Штип | 332 | 13 | 80 | 252 | 258 | 0 | 14 | 39 | 3 | 0 | 18 |
| ИЗБОР Струмица | 82 | 1 | 51 | 31 | 63 | 0 | 17 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Хелсиншки комитет за човекови права на РСМ | 513 | 2 | 265 | 248 | 448 | 37 | 1 | 21 | 0 | 0 | 2 |
| Институт за човекови права | 43 | 1 | 18 | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Здруженије за правично судење | 28 | 0 | 17 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кхам Делчево | 303 | 4 | 166 | 137 | 43 | 0 | 0 | 261 | 0 | 0 | 0 |
| Здружение Организација на Жените на општина Св. Николе | 150 | 5 | 37 | 113 | 143 | 0 | | 3 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Здружение Мултикултура - Тетово | 29 | 0 | 15 | 14 | 7 | 16 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје | 203 | 0 | 111 | 94 | 109 | 7 | 2 | 87 | 0 | 0 | 0 |
| Здружение Женски Форум Тетово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Анекс 4**

**Табела со статистички податоци за вкупен број на лица кои добиле Примарна правна помош и поднесени барања за секундарна правна помош по во Правни клиники**

**Табела бр. 1.3 Правни клиники**

| Правна клиника | Вкупен број на лица кои добиле ППП | Поднесени барања за СПП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | М | Ж | Мак | Алб | Тур | Ром | Срб | Вла | Други |
| Правна Клиника Правен факултет Битола | 142 | 1 | 97 | 47 | 10 | 2 | 0 | 109 | 0 | 0 | 0 |
| Правна Клиника Универзитет Гоце Делчев Штип | 30 | 0 | 13 | 17 | 29 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Правна Клиника "Емине Зендели"Тетово | 22 | 0 | 1 | 21 | 4 | 13 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 |

**Анекс 5**

**Табела бр. 2.1 Преглед на поднесените барања за секундарна правна помош по подрачно одделение [34]**

| Подрачно одделение | Број на поднесени барања | Број на одобрени барања | Број на одбиени барања | Во постапка | Број на донесени решение со кое се прекинува СПП |
|---|---|---|---|---|---|
| ПО Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Крива Паланка | 16 | 14 | 2 | 0 | 0 |
| ПО Берово | 13 | 11 | 2 | 0 | 0 |
| ПО Битола | 30 | 27 | 2 | 1 | 0 |
| ПО Македонски Брод | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Виница | 8 | 6 | 2 | 0 | 0 |
| ПО Валандово | 32 | 28 | 3 | 0 | 1 |
| ПО Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Гостивар | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Делчево | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кичево | 6 | 5 | 0 | 0 | 1 |
| ПО Кочани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Прилеп | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Радовиш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Неготино | 21 | 18 | 2 | 0 | 1 |
| ПО Охрид | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Ресен | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Свети Николе | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Струга | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| ПО Струмица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

[3] Подрачни одделенија за бесплатна правна помош во општините во кои има овластено лице: ПО Берово, ПО Битола, ПО Валандово, ПО Виница, ПО Гостивар, ПО Дебар, ПО Делчево , ПО Карпош, ПО Кисела Вода, ПО Кичево, ПО Крива Планка, ПО Крушево, ПО Куманово, ПО Неготино, ПО Охрид, ПО Ресен, ПО Свети Николе, ПО Струга, ПО Тетово, ПО Штип

[4] Во Подрачните одделение каде е прикажано дека има 0 нема овластени лица за одлучување, истите ги препрачаат предметите во ПО каде има овластени лица.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПО Тетово | 31 | 19 | 6 | 4 | 2 |
| ПО Куманово | 25 | 18 | 7 | 0 | 0 |
| ПО Штип | 8 | 4 | 4 | 0 | 0 |
| ПО Карпош | 30 | 20 | 5 | 0 | 5 |
| ПО Кисела Вода | 52 | 44 | 4 | 0 | 4 |
| ПО Гази Баба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **291** | **231** | **40** | **5** | **15** |

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ